Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија бр. 103/08) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот *етика* за VI одделение на осумгодишното основно образование.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

# ЕТИКА

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, декември 2009

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет *етика* е задолжителен предмет за учениците во VI одделение. Неделниот фонд часови за предметот изнесува по 1 часа неделно, односно 36 часа во текот на учебната година.

Со изучувањето на наставниот предмет учениците ќе се запознаваат со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот, универзалните етички вредности, како и да ги откриваат и да ги почитува ат хуманите односи меѓу луѓето.

Преку наставата по предметот етика учениците ќе развиваат вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се запознава со важноста и значењето на етиката и моралот во животот на човекот;
- - да ги открива и да ги почитува етичките односи меѓу луѓето;
- да се запознава со универзалните етички вредности;
- да се запознава и да го прифаќа бонтонот во современото општество;
- да развива вештини за толеранција, дијалог, почитување и соработка со другите.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **ТЕМА I<br>ЕТИКАТА И МОРАЛОТ (12 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознава со зачењето на наставниот предмет етика;<br>- да се поттикнува на етички начин на мислење. | Што е етика | Етика<br>Етички избор<br>Етичко образование<br>Етички начин на мислење | - Разговори (преку текстови, поговорки, примери) за прашањата што ги опфаќа етиката.<br>- Дискусија како може да се примени знаењето од областа на етиката во секојдневниот живот (размислување, решавање проблеми однесување и сл.). |
| - да се запознае со значењето на поимот морал и морално однесување.<br><br>- да го увидува значењето на моралот во животот и однесувањето на секој човек. | Морал<br><br>Значењето на моралот | Морал<br>Морално однесување<br><br>Улогата на моралот во животот | - Преку соодветни примери се открива значењето на поимот морал и моралното однесување на луѓето.<br><br>Играње улоги и драматизации за различни ситуации од животот на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | луѓето во кои се поставува прашањето за моралното однесување и дискусија за изборот што го направил поединецот/групата во дадената ситуација. |
| - да се запознае со основните етички пораки на св. Климент Охридски, првиот и најзначаен македонски етичар. | Св. Климент Охридски | | - Читање и разговор за етичките пораки на св. Климент;<br>- истражување: личноста и етичкото учење на св. Климент Охридски. |

| ТЕМА II<br>УНИВЕРЗАЛНИ ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ (12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да усвојува знаења за основните етички вредности од различни култури, народи, епохи. | Етиката во целиот свет | Универзални етички вредности | - Разгледување на етичките вредности (преку примери, поговорки, етички мисли и сл.) на различни култури, земји, народи. |
| - да ја сознава и прифаќа чесноста како основна вредност на човекот. | Чесност | Чесност | -Разговори врз основа на личното искуство на учениците што е чесно, а што не.<br>- Анализирање на разликите меѓу привилегии и одговорности/должности;<br>- Примери за одговорност и должност во училиштето и семејството. |
| - да ја сознава и прифаќа вистината како основна вредност на човекот;<br>- да се поттикнува да ја говори вистината и да се зазема за неа. | Вистина | Вистина<br>Лага | - Разговори за важноста на вистината и вистинољубивоста во секојдневниот живот;<br>- Објаснување на најчестите облици на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја сознава и прифаќа праведноста како основна вредност на човекот;<br>- да се поттикнува да се зазема за праведноста во однесувањето со другите луѓе во животот и работата; | Праведност | Правила<br>Закони<br>Одговорност | повредување на вистината: лага, лажно сведочење, оговарање, набедување, премолчување.<br><br>- Истражување: дали праведноста се практикува во училишниот живот (семејството, средината).<br><br>- Дискусија како се спроведува праведноста (со правила, закони) во училиштето, општеството, животот. |
| - да се запознава за тенденциите за создавање универзална етика на човештвото, со вредностите од сите епохи, народи и личности;<br><br>- да ги разбере основните вредности на универзалната етика - мир, разбирање, толеранција, солидарност, соработка. | **Универзална етика** | Единствена етика за целото човештво<br>Мир<br>Разбирање<br>Толеранција<br>Солидарност<br>Соработка | - Дискусија за основните вредности на денешницата за целиот свет.<br>- Примери од литература, филмовите, од личното искуство за значењето на вредностите: мир, разбирање, толеранција, солидарност и соработка. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да го развива патриотизмот како љубов кон татковината, почитување на општествените норми и државните прописи | | Патриотизам | - Дискусија за значењето на патритотизмот за развојот ан државата<br>- Примери за почитуцање на општествените норми и прописи |
| - да се запознае со етичките вредности во врска со здравјето, заштитата на средината и модерните средства за работа и комуникација. | **Етика на здравјето, екологијата, информатиката** | Здравје - основна животна и етичка цел<br>Животна средина<br>Робота со компјутери | - Дискусија за етичките норми за чување на здравјето.<br>- Дискусија за етичките норми во екологијата.<br><br>- Дискусија за етичките норми во работата со компјутерите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ТЕМА III**<br>**ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ (12 часа)** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознава со правилата на доброто однесување кон другите и во друштво;<br><br>- да ја сфаќа смислата и функцијата на бонтонот како научено пристојно и правилно однесување;<br><br>- да ги запознава правилата на доброто однесување во семејството. | **Добро однесување**<br><br>**Однесување во семејството** | Добро однесување<br>Пристојност<br><br>Правила на однесувањето меѓу членовите на семејството.<br>Добро однесување во семејството. | - Разговор за нормите за пристојното однесување што ги познаваат и практикуваат учениците.<br>- Дали има норми кои ги познаваат, а не ги применуваат (и зошто)?<br>- Претставување (изнесување на добро однесување во семејството - почитување на постарите, меѓусебно почитување и поврзаност, помагање во домашните задачи, разбирање и сл.<br>- Дали има норми кои родителите ги бараат, а тие не ги применуваат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | (и зошто)?<br>- Дали од меѓусебното добро однесување на членовите на семејст-вото зависи добриот живот во него? |
| - да ги запознава правилата на доброто однесување во училиштетои да учествува во нивно донесување; | **Однесување во училиште** | Правила на однесување меѓу соучениците.<br>Добро однесување во училиштето. | - Разговор за нормите на доброто однесување во училиштето.<br>- Правење листа од страна на учениците на правила кои ќе ги почитуваат во односите во своето одделение и меѓу соучениците. |
| - да ги запознава правилата на доброто однесување меѓу другарите. | **Однесување меѓу другарите** | Правила на однесувањето меѓу другарите.<br>Добро однесување меѓу другарите. | - Водење разговор за начелата според кои се раководат во односите со другарите.<br>- Дали мислат дека може да има добри односи меѓу другарите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ако не се трудат добро да се однесуваат? |
| - да ги запознава правилата на доброто однесување во јавноста (на улица, во парк и слободни површини, во јавни институции, во културни институции). | **Добро однесување во јавноста** | Правила на однесувањето во јавноста.<br>Добро однесување во јавноста. | - Разговори за правилата кои секој треба да ги практикува во своето однесување во јавноста.<br>- Дали треба да се внимава како се однесуваме во јавноста? |
| - да ги запознава правилата на доброто однесување кон другите луѓе - почитување, неповредување, помагање и сл.. | **Добро однесување кон другите луѓе** | Правила на однесување меѓу луѓето - општи начела на бонтонот<br>Почитување<br>Неповредување<br>Помагање<br>Пристојност | - Разговор за општите начела на однесувањето меѓу луѓето - на почитување, помагање, неповредување итн. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- *Насоки за меѓупредметно поврзување* (интегрирано планирање, односно целно и содржинско поврзување меѓу сродни предмети и подрачја).
  Во планирањето на наставата се нагласува поврзувањето на учењето со искуството на учениците, како и меѓупредметното поврзување по однос на целите и содржините. На тој начин се постигнува подобра комплементарност со другите предмети, од една страна, и кооперативност во процесот на наставата и учењето, од друга.
- *Препораки за користење на годишниот фонд на часовите* (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини).
  Препораките за годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација, заедно со конкретните цели и теми/содржини што, секако, не треба да го ограничува нивното прераспределување според потребите при реализацијата. Поинаквото користење на часовите треба да го проценува предметниот наставник според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.

- *Наставни средства:*
  - учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
  - други извори на учење во непосредната околина - појави во општеството и односите меѓу луѓето;
  - посета на институции и запознавање со нивниот начинот на функционирање;
  - етички речник, етички текстови, списанија, посебни публикации и сл.;
  - Интернет, популарни илустрирани образовни софтвери;
  - аудио-визуелни средства и други средства соодветни на предметот.

## 5. ЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивната активност, за нивната мотивираност за учење, за соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

Во програмата се наведуваат начините на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми.

Начини на проверување и оценување:

- Усно;
- презентација.

Други средства и постапки за следење и оценување:

- говорни вежби; разговор/дијалог наставник-ученик, како и ученик-ученик;

Во текот на годината од формираните описни оценки, формулирани за секој ученик посебно, како и раководејќи се од поставените нивоа на постигања во текот на определени временски периоди, наставникот внесува и соодветни нумерички оценки.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Наставната програма по *етика* се реализира во простор и со опрема според Нормативот за простор, опрема и наставни средства за основното образование.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по наставниот предмет е*тика* ја изведува наставник со завршен Филозофски факултет, кој се стекнал со звањето *дипломиран професор по филозофија.*

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по *етика* за VI одделение на осумгодишното основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден Министер

_______________ Никола Тодоров